**ЗАПИСНИК**
**од 13-та седница на Советот на Агенцијата за аудио**
**и аудиовизуелни медиумски услуги**
**одржана на 14.03.2019 година**

**Присутни членови на Советот на Агенцијата:** Лазо Петрушевски претседател на Советот на АААВМУ, д-р Милаим Фетаи заменик на претседателот на Советот на АААВМУ, м-р Алма Машовиќ, д-р Методија Јанчески, Лазар Трајчев и Селвер Ајдини.

**Отсутни членови на Советот на Агенцијата:** Зоран Фиданоски (оправдано отсутен, боледување).

**На седницата беше присутен д-р Зоран Трајчевски директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.**

**Присутни од Стручната служба:** м-р Драгица Љубевска, м-р Емилија Јаневска, м-р Магдалена Давидовска Довлева, Горан Радуновиќ, Александар Џуваревиќ, Маја Дамевска, д-р Ивана Стојановска.

**Други присутни:** Игор Насков од ТВ Алфа.

Г-дин Петрушевски ја отвори 13 -та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Седницата започна во 09:30 часот и се одржа во просториите на Агенцијата.

Г-дин Петрушевски информира дека г-дин Фиданоски ќе биде отсутен од седницата поради повреда на ногата.

Советот на Агенцијата, едногласно, со 6 гласа „за“ го усвои следниот:

**ДНЕВЕН РЕД**

1. Усвојување на Предлог-записник од 4-та Јавна седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 05.03.2019 година.
2. Усвојување на Предлог-записник од првото продолжение на 11-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 05.03.2019 година.
3. Усвојување на Предлог-записник од 12-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 05.03.2019 година.
4. Нацрт-документ за политика за медиумска писменост.
5. Предлог-Регулаторна стратегија за развој на аудио и аудиовизуелната дејност за периодот од 2019 до 2023 година.
6. Предлог за писмено укажување на ТРД АЛФА ТВ ДООЕЛ Скопје поради прекршување на член 61 од ЗААВМУ (начела за вршење на дејноста).

7. Предлог за изрекување мерка јавна опомена на ТРД КАНАЛ 5 ДООЕЛ Скопје за прекршување на член 64 став 1 од ЗААВМУ.
8. Предлог за изрекување мерка јавна опомена на ТРД КАНАЛ 5 ДООЕЛ Скопје за прекршување на член 98 став 2 од ЗААВМ.
9. Предлог за изрекување мерка јавна опомена на ТРД КАНАЛ 5 ДООЕЛ Скопје за прекршување на член 55 став 7 од ЗААВМУ.
10. Предлог за изрекување мерка јавна опомена на ТРД 1 ТВ ДООЕЛ Скопје за прекршување на член 50 став 3 од ЗААВМУ.
11. Информацијата за плаќање годишна членарина за ЕПРА за 2019 година.
12. Набавка од мала вредност, за потребите на Агенцијата.
13. Разно.

**Точка 1**

Советот на Агенцијата го разгледа и со 6 гласа „за" го усвои предложениот Записник од 4-та Јавна седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 05.03.2019 година, со текст како што беше предложен.

**Точка 2**

Советот на Агенцијата го разгледа и со 6 гласа „за" го усвои предложениот Записник од првото продолжение на 11-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржано на 05.03.2019 година, со текст како што беше предложен.

**Точка 3**

Советот на Агенцијата го разгледа и со 6 гласа „за" го усвои предложениот Записник од 12-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 05.03.2019 година, со текст како што беше предложен.

**Точка 4**

Раководителката на Секторот за програмски работи м-р Емилија Јаневска го образложи Нацрт-документот за политика за медиумска писменост. Објасни дека развојот на медиумската писменост (МП) е една од целите на ЗААВМУ и нејзиното поттикнување е една од надлежностите на Агенцијата. Потпирајќи се врз досегашното искуство преку програмата за спроведување на МП, програмата за чие што спроведување на една од минатите седници Советот усвои извештај, како и врз основа на искуството на други регулаторни тела или од други европски држави, службата сметала дека е потребно да се изработи политика за медиумска писменост, документ кој што ќе ја наследи програмата за поттикнување на МП чија што важност истече на крајот од минатата година. Објасни дека овој документ ќе нема ограничена важност, односно ќе биде доволно општ и сеопфатен за да ги инкорпорира во себе постојаните новитети на полето на МП. Оттаму во рамки на заеднички проект на ЕУ и

Советот на Европа „Зајакнување на судската експертиза за слободата на изразување и за медиумите во Југоисточна Европа (JUFREX)", беше обезбедена експертска поддршка од г-дин Паоло Челот кој што е генерален секретар на европската асоцијација за интересите на гледачите и тој го подготви нацрт документот кој што е денеска на дневен ред. Г-дин Челот беше автор и на претходната програма за поттикнување на МП. Документот го содржи во себе новиот, надграден концепт за МП и овој концепт г-дин Челот за првпат за стручната јавност го најави во декември 2018 година. Новата визија за медиумската писменост подразбира не само збир од вештини што треба да се стекнат, туку и одреден број на подлабоки лични ставови и приоди кој што треба да се развијат. Оваа визија е структурирана во 4 различни компоненти: критичка свесност, свест за емоциите, дигитална добросостојба и полноправно граѓанство. Крајната цел на сите овие напори е граѓаните да се научат како да живеат во овој нов медиумски систем и да можат да ги искористат сите придобивки од употребата на медиумите. Веќе е општо прифатено дека критичкото мислење а не само техничките вештини е јадрото на медиумската писменост. Сепак многу луѓе не ги стекнуваат вештините кој што им се потребни, на пример да ги оценат вестите, да ја разберат пропагандата, за да забележат рекламирање или да реагираат на содржини во кој што има говор на омраза. За потполно да се разбере една медиумска порака концептот вели дека всушност не е доволно човек само да изгради рационален капацитет како да анализира една медиумска порака, туку е потребно да се примени квалитативно размислување како личен став и цврсти вредности кој што ќе бидат клуч за читање на една медиумска порака. Тоа отприлика е она што опфаќа компетенцијата критичка свесност. Во однос на свест за емоциите, концептот вели дека потребниот прв чекор за решавање на кој било проблем е човек да биде свесен за проблемот. Користејќи ги медиумите рече дека мораме да бидеме свесни дека сме подложени на пропаганда, на комерцијални интереси, политички интереси, мораме да бидеме свесни дека на интернет се трошат часови и часови. Способноста да се набљудува нашето сопствено однесување е всушност првиот чекор за сузбивање на негативите резултати. Со други зборови оваа компетенција вели дека за да се стане медиумски писмен потребно е да се развие капацитет за распознавање на чувствата, како лутина или задоволство, да се разбере зошто овие емоции влијаат врз нашите избори и така да се научи како да се развијат подобри рефлекси. Во однос на дигиталната благосостојба, непотребно е да се спомене дека во едно дигитално онлајн-опкружување, стекнувањето адекватни технички вештини е од суштинско значење, за да граѓаните можат да ги користат медиумите како вистински личен ресурс. Технологиите да ги користат безбедно и сигурно, за забава, едукација и информирање. Идејата е технологијата да им служи на потребите на луѓето а не обратно. Последната компетенција, полноправно граѓанство подразбира откако еднаш луѓето ги усовршиле своите индивидуални вештини, треба да се охрабрат да научат како да придонесат за подобра комуникациска добробит. Ова е учество преку медиумите, кое позитивно се одразува врз развојот на глобалното општество. Оттаму Агенцијата во документот имајќи ги предвид своите надлежности од Законот и имајќи предвид дека МП е доживотен потфат, Агенцијата се обврзува дека ќе работи на поттикнување на секоја директна или индиректна активност што би придонела за подобри вештини на граѓаните за медиумската писменост, за нивна медиумска добробит и учество во општеството преку медиумите. Во таа насока се предлага за документот политика за МП да се отвори јавна расправа во траење од 10 дена за да може стручната и општата јавност да се изјаснат по документот пред негово финално усвојување.

Г-дин Петрушевски се заблагодари на Емилија Јаневска за одличниот вовед. Посочи дека за оваа активност поддршката на Советот за медиумската писменост е со години наназад. Овој документ е уште еден доказ колку Агенцијата се грижи и колку вложува во медиумската писменост. За документот може да се каже дека не е само локален, македонски, туку и европски со учеството на реномираниот експерт Паоло Челот. Со јавната расправа која ќе се отвори уште денес, се надева дека стручната јавност ќе може конкретно да даде придонеси, евентуално ако има нешто да се додаде во овој одличен документ. Рече дека го поддржува и ќе гласа позитивно.

Г-дин Ајдини рече дека Агенцијата усвојува документ кој произлегува од ЗААВМУ. Исто така се прилагодува кон политиките на ЕУ, принципите и активностите на Советот на Европа и во таа насока Советот усвојува документ кој не е временски ограничен за разлика од регулаторната стратегија која беше за период 2016-2018 година. Го радува тоа што Агенцијата се јавува како промотер и притоа ќе ги имплементира сите активности во врска со медиумската писменост. Колку што разбрал во документот не се разгледуваат активностите и прашањата кои се дел на медиумската писменост во детали, туку ќе биде општо опфатен документ. Се изјасни дека ќе го подржи Нацрт-документот и доколку има забелешки по текстот на документот следните 10-тина дена ќе се интервенира.

Г-дин Јанчески рече дека во материјалите стои дека документот е подготвен во рамките на заедничкиот проект на ЕУ и Советот на Европа. Го интересираше дали овој документ е прифатен односно е ставен на прифаќање кај други регулаторни тела и какво е искуството во поглед на тоа. Праша дали кај другите регулаторни тела се усвојува во интегрална форма, бидејќи воочил дека овој документ на некој начин е прилагоден на нашата држава. Посочи дека му пречи формулацијата „траен документ", бидејќи со текот на времето односно предизвикот на новото време и развојот на информатичката технологија, можеби ќе претрпи подобрување. Рече дека не би го прогласил за траен и вечен како Библијата, туку документ кој со текот на времето ќе се прилагодува на новините во општеството.

Раководителката Јаневска во однос на трајноста на документот одговори дека така се нарекува затоа што во него нема наведено конкретни активности како на пример Програмата за работа која беше со ограничена важност. Во овој документ генерално се изложени концептите односно компетенциите на кој треба да се стремат и да ги усвојат граѓаните на нашата држава. Во таа смисла се вели дека не е со ограничена важност. Нема конкретни активности и тие секоја година ќе се планираат во Програмата за работа на Агенцијата според приликите и искуството што треба да се работи во конкретен временски период. Во однос на прашањето дали во други земји има вакви документи, рече дека ѝ се познати два или три документи на регулаторни тела во оваа сфера. Ова можеби е заради тоа што најголем дел од регулаторните тела во Европа немаат конкретни обврски во нивните закони, ниту пак поимот медиумска писменост е вграден во нивните закони, но сепак концептот е многу актуелен и периодот што следи веројатно ќе има засилени активности во сите земји предводени и од ЕУ и од Советот на Европа.

Советот на Агенцијата едногласно ја усвои Нацрт-политиката за медиумска писменост.

Се задолжи Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведениот нацрт документ да го објави на веб страницата на Агенцијата (www.avmu.mk) и на посебната веб страница за медиумска писменост (www.mediumskapismenost.mk), со цел да се обезбеди јавна расправа по нејзиниот

текст која ќе трае до 24 март 2019 година за да им се овозможи на сите заинтересирани страни да ги изразат своите мислења, гледишта и ставови.

**Точка 5**

Г-дин Трајчевски ја образложи Предлог-Регулаторната стратегија за развој на аудио и аудиовизуелната дејност за периодот од 2019 до 2023 година. Објасни дека овој документ што како предлог е ставен на усвојување на Советот, треба да ги одреди насоките на своето дејствување во овој петгодишен период, а во правец на подобрување на голем број од аспектите во областа на медиумите. Како нацрт верзија беше разгледувана на состанок во Агенцијата што се одржа на 25.12.2018 година. На овој состанок присуствуваа поголем број релевантни чинители во медиумската дејноста, и по завршувањето на дискусијата Агенцијата ги повика сите заинтересирани страни во рок од 30 дена да достават свои мислења и предлози во однос на работната верзија на Стратегијата најдоцна до 25.01.2019 година. Во текот на изработка на Стратегијата беа одржани голем број состаноци со одредени целни групи и со сите чинители на медиумската заедница во Македонија за да се вклучат активно во изработката и да се слушнат нивните мислења и предлози кои се многу значајни. Најголем дел од забелешките односно предлозите што ги дадоа се инкорпорирани во Стратегијата. Со цел Стратегијата да ги опфати и соодветно адресира сите клучни прашања за засегнатите страни во медиумската дејност, во неа најпрво се мапирани и анализирани состојбите во повеќе области и врз основа на добиените сознанија се предвидени конкретни активности со коишто таа јасно ќе ја позиционира својата улога како регулатор во поттикнување на развојот на дејноста. Покрај податоците од истражувањата и анализите на Агенцијата и на други релевантни субјекти во дејноста (невладини организации кои дејствуваат во областа на медиумите, новинарските здруженија и др.), заради обезбедување посеопфатни сознанија беа спроведени поголем број длабински интервјуа со претставници на телевизиската и радиската индустрија, како и со претставници на рекламните агенции, а беа одржани и повеќе работни состаноци со други релевантни чинители во дејноста. Општите цели коишто треба да се постигнат со реализација на предвидените активности во овој стратешки документ, впрочем се општите цели на медиумската регулација во Европа: слобода на изразување и плурализам на медиумите, заштита на интересите на публиката, заштита на културниот идентитет, како и економски и технолошки развој на дејноста. Секако, неопходен предуслов за остварување на овие цели е континуиран развој на регулаторната рамка, така што таа ќе ги следи трендовите во дејноста и добрите практики во земјите членки на Европската Унија. Имајќи го предвид тоа, во Стратегијата се утврдија неколку посебни цели, а тоа се: поттикнување на разновидноста на програмските содржини; заштита и негување на културниот идентитет и на културната и јазичната разновидност во програмите; поттикнување на плурализмот на политичките гледишта во медиумите и на независноста на медиумите од политички влијанија; поттикнување на функционирањето на системите на саморегулација и корегулација; заштита на човековите права и слободи во медиумските содржини, односно поголема одговорност на медиумите за заштитата на слободата на мислење и изразување, заштита од дискриминација, овозможување непречен развој на малолетните лица, обезбедување пристап до програмите за лицата со сетилна попреченост, зголемување на свесноста за третманот на родовите прашања во медиумите и почитување на забраните за дискриминација и говор на омраза; поттикнувањето на развојот на пазарот и конкуренцијата, а особено можностите за нови извори на приходи што ги овозможува дигиталното опкружување,

како и создавање еднакви услови за сите учесници на пазарот; обезбедување регулаторна рамка која овозможува развој на медиумите и понатамошен развој на медиумската писменост на медиумите. За постигнување на секоја од овие цели, Агенцијата утврди конкретни активности и препораки. Документот содржи и акциски план во којшто се содржани и роковите за реализација на предвидените активности. Понатаму објасни дека Советот на Агенцијата е континуирано информиран за сите активности што беа преземани во текот на процесот на изработка на овој документ, кој сега е доставен во финална верзија. Доколку е потребно подетално образложение за сите аспекти на Стратегијата, посочи дека раководителката на Секторот за стратешко планирање и авторски права м-р Магдалена Давидовска Довлева ќе даде објаснување.

Г-дин Петрушевски објасни дека измените од Нацрт-верзијата се дека видно е подобрена оваа финална верзија. Во таа насока го пофали акцискиот план кој го немаше во Нацрт-верзијата, за кој рече дека е одлично изработен. Исто така го истакна делот каде се наведени индикатори за успешност и за нив рече дека е многу тешко човек да ги осмисли и да изнајде на кој начин ќе оцени дека тоа е успешно направено, за ова да се направи потребна е една ментална дисциплина. Посебно му се допаѓаат конкретните временски рокови за кои се надева дека сегашниот или идниот Совет ќе се придржуваат да ова се спроведе. Рече дека документот е одличен и со задоволство ќе го поддржи.

Г-дин Ајдини рече дека документот ги исполнува сите критериуми за да се нарече одличен стратешки документ. Се изјасни дека ќе го поддржи усвојувањето на регулаторната стратегија.

Советот на Агенцијата едногласно ја усвои Регулаторната стратегија за развој на аудио и аудиовизуелната дејност за периодот од 2019 до 2023 година.

Се задолжи Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, Регулаторната стратегија да ја објави на веб страницата на Агенцијата (www.avmu.mk), во посебниот банер „Стратегија 2019-2023".

**Точка 6**

Г-дин Трајчевски го образложи предлогот за писмено укажување на ТРД АЛФА ТВ ДООЕЛ Скопје поради прекршување на член 61 од ЗААВМУ (начела за вршење на дејноста). Објасни дека предмет на надзорот беше актуелно-информативната емисија на новинарот Васко Ефтов, „Во центар" емитувана на ТВ Алфа на 24 февруари 2019 година, во која беше реализирано интервју со претседателот на политичката партија Достоинство г-дин Стојанче Ангелов, кој е и национален координатор именуван од Владата за прашања поврзани со здружението на бранители. Со надзорот е констатирано прекршување на програмските начела за вршење на дејноста од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги кои се однесуваат на: негување и развој на хуманите и моралните вредности на човекот и заштита на приватноста и достоинството на личноста (член 61 став 1 алинеја 1), поттикнување на духот на толеранцијата, заемното почитување и разбирање меѓу индивидуите од различно етничко и културно потекло (член 61 став 1 алинеја 3) и објективно и непристрасно прикажување на настаните со еднаков третман на различните гледишта и мислења и овозможување на слободно оформување на мислењето на публиката за одделни настани и прашања (член 61 став 1 алинеја 9). Во текот на интервјуто водителот на емисијата и гостинот зборуваа паралелно, водителот повеќе пати го прекинуваше

соговорникот и не ги прифаќаше ставовите изнесени од него. Во таа насока гостинот во текот на емисијата најави дека ќе поднесе тужба за изнесените клевети од страна на водителот и невистини изнесени во текот на емисијата. Со предлогот писмено да му се укаже на радиодифузерот за оваа емисија, не сака да влијае и нема намера да влијае на уредувачката политика. Се согласи дека од страна на водителот треба да има провокативни прашања, но не треба да се прекршуваат начелата и да се нарушува достоинството на оној кој што е повикан да биде гостин во емисијата. Ова не е единствен случај на кој Агенцијата реагирала, како што кажал на претходните седници, секогаш кога ќе се забележат вакви екстремни ситуации за прекршувања на одредбите од член 61, реагира на ист начин.

Г-дин Петрушевски отвори дискусија и рече дека не знае дали некој од членовите на Советот ја гледале емисијата и доколку почнале да ја гледаат дали можеле да издржат да ја изгледаат до крај. Посочи дека во извештајот од Стручната службата има опис и објаснување каде се грешките на водителот и за што има предлог на радиодифузерот да му се упати писмено укажување. Се надева дека и водителот ќе ги добие забелешките од Советот.

Г-дин Фетаи рече дека е многу добро што е направена оваа анализа. На крајот се покажало дека има причина за писмена опомена. Добро е што се реагира, минатата седница имаше еден друг случај и тогаш спомнал дека треба и овој случај да се анализира. Се изјасни дека го поддржува предлогот и рече дека и во иднина треба да се продолжи во оваа насока, во овој ритам и да се следат ваквите случаи. На претходната дискусија се разговарало за медиумската писменост и во таа насока рече дека треба да се подигне сеопфатната култура на појавувањето во медиумите на сите актери кои учествуваат во било која улога или позиција а посебно на новинарите кои својата дејност треба професионално и одговорно да ја вршат.

Г-дин Петрушевски рече дека ќе го повтори она што го спомнал директорот дека и за тешките прашања во државата треба да се разговара, на соговорникот треба да му се поставуваат најможните тешки прашања, не треба да има табу теми за дискусија никогаш, посебно за новинарите, но треба да се задржи нивото, не треба да се прави на начин да се навреди соговорникот, би било невкусно за публиката и би се прекршиле стандардите како еден новинар би требало да се однесува. Во оваа емисија, не само овој пат, сакајќи да предизвика ефекти ја злоупотребува неговата позиција и треба да му се укаже каде греши, да може нареден пат да се поправи и да биде пример за другите водители да не го прават истото. Искрено рече лесно е да го прават ова, затоа што денес ако се донесе писмено укажување тоа ќе нема никакви финансиски последици, ни по медиумот, ниту по новинарот. Осудата е само од морален аспект. Се изјасни дека ќе го поддржи предлогот и смета дека и тој треба да го поправи неговото однесување и другите новинари да не го земаат овој пример.

Г-дин Ајдини рече дека Советот за да биде конзистентен и неселективен треба да го прифати предлогот како што постапиле и минатата седница скоро за ист предмет а друг радиодифузер и да упати писмено укажување.

Г-дин Петрушевски го праша г-дин Ајдини дали сака да предложи како што минатиот пат постапиле, извештајот да се упати и до Советот за етика на медиуми?

Г-дин Ајдини се согласи за како што рече да не бидат селективни.

Советот на Агенцијата, врз основа на констатациите од Писмениот извештај за извршен програмски надзор бр.10-1343/1 од 12.03.2019 година и во согласност со Методологијата за вршење програмски надзор бр. 01-3905/1 од 23.07.2014 година, на ТРД АЛФА ТВ ДООЕЛ Скопје, едногласно му упати писмено укажување за прекршување на член 61 став 1 алинеја 1, 3 и 9 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, имајќи предвид дека за прекршување на овој член нема законски предвидена мерка.

Се задолжи Секторот за програмски работи да го изготви писменото укажување.

Писмениот извештај за извршен програмски надзор бр.10-1343/1 од 12.03.2019 година на ТРД АЛФА ТВ ДООЕЛ Скопје, да се препрати до Советот за етика во медиумите.

**Точка 7**

Раководителката на Секторот за програмски работи м-р Емилија Јаневска го образложи предлогот за изрекување мерка јавна опомена на ТРД КАНАЛ 5 ДООЕЛ Скопје за прекршување на член 64 став 1 од ЗААВМУ. Објасни дека со редовниот програмски надзор врз телевизискиот програмски сервис на ТРД КАНАЛ 5 ДООЕЛ Скопје, емитуван на 4 февруари 2019 година, е констатирано прекршување на член 64 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (радиодифузерите се должни да ја емитуваат програмата на македонски јазик и кирилско писмо, а во случаите кога програмата е наменета за заедница која не е во мнозинство, на јазикот и писмото на таа заедница). Во неколку содржини во денот кога е направен надзорот констатирано е дека не се почитувани правилата содржините да бидат емитувани на македонски јазик. Станува збор за емисијата „Фчерашни новости", „Зевзекманија" и „Најдобрите совети". Во рамки на на репризното издание на хумористичната емисија „Фчерашни новости" е емитувана кратка конверзација меѓу водителите на емисијата на шпански јазик, без превод на македонски јазик. Исто така во рамки на емисијата еден од скечевите е емитуван на странски јазици - српски јазик (пародија на дел од интервју на премиерот Зоран Заев, поради начинот на кој говори на српски јазик), без превод на македонски јазик. Во рамки на репризата на емисијата „Зевзекманија" е емитувана кратка конверзација меѓу водителите на емисијата на англиски јазик, без превод на македонски јазик. Во рамки на рубриката „Ѓуровизија" емитувани се делови од странски програми на странски јазици (српски, црногорски), без превод на македонски јазик. Во рамки на репризното издание на емисијата „Најдобрите совети" е емитуван подолг разговор со српскиот пејач Жељко Самарџиќ, при што говорот на гостинот е емитуван изворно на српски јазик, без превод на македонски јазик. Предлогот е да се донесе решение за изрекување мерка јавна опомена со рок од 15 дена од денот на приемот на решението да го усогласи своето работење со одредбите на членот 64 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и по истекот на овој рок да се изврши контролен надзор.

Г-дин Петрушевски објасни дека го разгледал извештајот и смета дека во некои делови од извештајот се престроги. Според него хуморот ќе ја изгуби смислата ако се преведува и затоа рече дека не го поддржува тој дел. Секако има прекршување и за него е оправдано за српските и црногорските програми без превод во еден дел од емисијата „Зевзекманија" и „Најдобрите совети" разговорот со пејачот Жељко Самарџиќ на српски јазик. Во тој дел навистина има прекршување додека хуморот за

сите јавни личности е нормален и ја губи смислата ако се преведува. Што ако некој политичар каже нешто на неграматички српски јазик и тоа навистина е смешно и тоа нема да се преведува. Скечот за премиерот нема никаква основа, треба да се стимулира да се продолжи за јавните личности тоа да се прави, не само за него, туку и за другите политичари па и за нив. Со јавна опомена за ова не е добро да се прави и би било мешање во нивната креативност за создавање на хуморот. И ова со шпанскиот и англискиот јазик помеѓу водителите е исто така составен дел од нивниот обид да направат да биде смешно. Има многу европски емисии каде што карикирано зборуваат англичани со французи и тоа е нормално и се сфаќа како дел од хуморот и не треба да се прведува посебно. Негов предлог е кога ќе се изрекува јавната опомена да се однесува само на српските и црногорските програми без превод во „Зевзекманија" и за делот во „Најдобри совети" разговорот со Жељко Самарџиќ. Останатите, хумористичните делови во образложението на опомената да се изостават. Предложи на тој начин да да се модифицира заклучокот, доколку го поддржат и мнозинството од Советот така да го изгласаат и во образложението тоа да биде наведено. Инаку секако јавна опомена им следува. Доколку не е во право побара да се дискутира.

Раководителката Јаневска објасни дека Законот не прави разлика во кои видови емисии или сегменти од емисии треба да се преведува а во кои не. Генерално вели дека програмата треба да се емитува на јазикот за која е добиена дозволата. Ако дозволата е добиена на македонски јазик, вкупната програма се емитува на македонски јазик, ако дозволата е за албански јазик вкупната програма се емитува на албански јазик. Од друга страна праша која е поентата на хуморот ако најголем дел од населението не го разбере бидејќи е на англиски, шпански или на друг јазик?

Г-дин Петрушевски рече дека ќе даде краток коментар. Бидејќи се повикува на Законот, во Законот навистина оваа состојба не е предвидена, но во Законот пишува дека Советот на Агенцијата може да донесе мерка јавна опомена, не пишува дека треба или мора. Тоа е лично толкување на Советот на Агенцијата. Тој така го толкува, така го чувствува и така го кажува. Пишува - може, значи може и ништо да не донесат, така пишува и останува на нивниот суд. Се изјасни дека останува на предлогот и ќе го стави на гласање, ако не добие 4 гласа ќе го стави на гласање предлогот од Стручната служба.

Советот на Агенцијата го разгледа Писмениот извештај за извршен програмски надзор бр.10-1039/1 од 20.02.2019 година и едногласно заклучи на Трговското радиодифузно друштво КАНАЛ 5 ДООЕЛ Скопје да му изрече мерка јавна опомена заради прекршување на член 64 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги во рамки на рубриката „Ѓуровизија" во репризното издание на емисијата „Зевзекманија" и во репризното издание на емисијата „Најдобрите совети".

Во согласност со точката 5 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка (пречистен текст) бр.01-6039/1 од 20.10.2015 година, му се наложи на наведениот радиодифузер во рок од 15 дена од денот на приемот на решението да го усогласи своето работење со одредбите на членот 64 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Се задолжи Секторот за правни работи да го изготви решението за изрекување мерка јавна опомена на наведениот радиодифузер.

Се задолжи Секторот за програмски работи по истекот на рокот определен во Решението за јавна опомена да изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзорот (радиодифузерот) постапил по изречената мерка (во целост, делумно или не постапил).

Се задолжи Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведеното решение да го објави на веб страницата на Агенцијата.

**Точка 8**

Раководителката на Секторот за програмски работи м-р Емилија Јаневска го образложи предлогот за изрекување мерка јавна опомена на ТРД КАНАЛ 5 ДООЕЛ Скопје за прекршување на член 98 став 2 од ЗААВМУ. Објасни дека со редовниот надзор реализиран во февруари констатирано е дека има прекршување на условите за рекламирање и телешопинг и на член 14 став 5 од Правилникот за нови рекламни техники (рекламирање на поделен екран). Прекршокот е направен во емисијата „Ново Лото" со вкупно времетраење од 11 минути и 47 секунди, односно покусо од 15 минути, и спротивно на член 98 став 2 од ЗААВМУ, и член 14 став 5 од Правилникот, емитувано е рекламирање на поделен екран повеќе од еднаш во текот на емисијата. Предложено е да се изрече мерка јавна опомена со рок од 15 дена за усогласување и да се изврши контролен надзор.

Г-дин Трајчевски забележа дека има техничка грешка во предлогот бидејќи е пишан предлог и за ТВ Телма.

Раководителката Јаневска објасни дека на почетокот кога почна да се применува новиот Законот, во предлозите за седница се ставаа повеќе извештаи и затоа во овој предлог се опфатени три извештаи за ТВ Канал 5 и еден за ТВ Телма, и затоа не станува збор за техничка грешка. Наведе дека отсега па натаму заради принципот на архивирање на документите за секој извештај ќе се изработува посебен предлог.

Г-дин Петрушевски исто така забележал дека писменото изјаснување на ТВ Канал 5 по однос на прекршоците се однесува за сите три прекршоци. За да не дојде забуна објасни дека ТВ Канал 5 доставил едно изјаснување за сите три извештаи. Конкретно за ова прекршување рече дека ситуацијата е чиста, радиодифузерот во период покус од 15 минути емитувал рекламирање на поделен екран повеќе од еднаш во текот на емисијата.

Советот на Агенцијата го разгледа Писмениот извештај за извршен програмски надзор бр.10-1071/1 од 22.02.2019 година и едногласно заклучи да му изрече мерка јавна опомена на Трговското радиодифузно друштво КАНАЛ 5 ДООЕЛ Скопје, и во согласност со точката 5 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка бр. 01-6039/1 од 20.10.2015 година, му наложи во рок од 15 дена од денот на приемот на решението да го усогласи своето работење со одредбите на членот 98 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и Правилникот за нови рекламни техники.

Се задолжи Секторот за правни работи да го изготви решението за изрекување мерка јавна опомена на наведениот радиодифузер.

Се задолжи Секторот за програмски работи по истекот на рокот определен во Решението за јавна опомена да изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали

субјектот на надзорот (радиодифузерот) постапил по изречената мерка (во целост, делумно или не постапил).

Се задолжи Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведеното решение да го објави на веб страницата на Агенцијата.

**Точка 9**

Раководителката на Секторот за програмски работи м-р Емилија Јаневска го образложи предлогот за изрекување мерка јавна опомена на ТРД КАНАЛ 5 ДООЕЛ Скопје за прекршување на член 55 став 7 од ЗААВМУ. Објасни дека овој прекршок се однесува за правилата за пласирање производи во програмите, конкретно дека во програмите што содржат пласирање производи не смее да му се придава претерана важност - истакнување или упатување - на производот за кој станува збор. Во две изданија на емисијата „Избор на најдобри рецепти“ е направена и вербална и визуелна - рекламна презентација на повеќе апарати за домаќинство од фирмата „Макс“, продажно застапувана од „Агротехна“, како и на сувомеснати производи од фирмата „Златиборац“. Се предлага јавна опомена со рок на усогласување од 30 дена и да се изврши контролен надзор.

Г-дин Петрушевски објасни дека и овде станува збор за јасна ситуација, бидејќи малку претерале со фалење на сувомеснатите производи и на фирмата за апарати за домаќинство.

Советот на Агенцијата го разгледа Писмениот извештај за извршен програмски надзор бр.10-1075/1 од 22.02.2019 година и едногласно заклучи да му изрече мерка јавна опомена на Трговското радиодифузно друштво КАНАЛ 5 ДООЕЛ Скопје, и согласно со точката 6 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка бр. 01-6039/1 од 20.10.2015 година, му наложи во рок од 30 дена од денот на приемот на решението за преземање мерка опомена да го усогласи своето работење со членот 55 став 7 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и со Упатството за примена на одредбите за пласирање производи.

Се задолжи Секторот за правни работи да го изготви решението за изрекување мерка јавна опомена на наведениот радиодифузер.

Се задолжи Секторот за програмски работи по истекот на рокот определен во Решението за јавна опомена да изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзорот (радиодифузерот) постапил по изречената мерка (во целост, делумно или не постапил).

Се задолжи Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведеното решение да го објави на веб страницата на Агенцијата.

**Точка 10**

Г-дин Петрушевски во врска со предлогот за изрекување мерка јавна опомена на ТРД 1 ТВ ДООЕЛ Скопје за прекршување на член 50 став 3 од ЗААВМУ, забележа дека радиодифузерот писмено се изјаснил и дека ја признава грешката, односно дека играните програми „Викинзи“ и „Падот“ не биле обележани со соодветен визуелен знак што ја сигнализира категоријата на програмата.

Раководителката на Секторот за програмски работи м-р Емилија Јаневска објасни дека овде станува збор за контролен надзор бидејќи мерката јавна опомена му беше изречена минатата година. Ова е една од ситуациите што се опфатени со заклучокот што го донесе Советот за начинот за изрекување на мерки. Со контролниот надзор е констатирано дека радиодифузерот делумно постапил по решението за изрекување мерка од 2018 година, односно дел од прекршувањата за заштита на малолетните лица ги отстранил, дел не. Она што и понатаму се прекршува е дека промотивните најави за два серијали „Викинзи" и „Падот" се емитувани повеќе пати денот кога е направен надзорот не се одбележани со сигнализацијата за заштита на малолетната публика. Согласно Заклучокот на Советот, повторно се предлага мерка јавна опомена со рок на усогласување од 30 дена и повторно да се изврши контролен надзор.

Советот на Агенцијата го разгледа Писмениот извештај за извршен програмски надзор бр.10-1114/1 од 26.02.2019 година и едногласно заклучи да му изрече мерка јавна опомена на Трговското радиодифузно друштво 1 ТВ ДООЕЛ Скопје, и согласно со точката 6 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка бр. 01-6039/1 од 20.10.2015 година, му наложи во рок од 30 дена од денот на приемот на решението за преземање мерка опомена да го усогласи своето работење со членот 50 став 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и со Правилникот за заштита на малолетните лица.

Се задолжи Секторот за правни работи да го изготви решението за изрекување мерка јавна опомена на наведениот радиодифузер.

Се задолжи Секторот за програмски работи по истекот на рокот определен во Решението за јавна опомена да изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзорот (радиодифузерот) постапил по изречената мерка (во целост, делумно или не постапил).

Се задолжи Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведеното решение да го објави на веб страницата на Агенцијата.

**Точка 11**

Г-дин Петрушевски во врска со предложената Информацијата за плаќање годишна членарина за ЕПРА за 2019 година, објасни дека секоја година Агенцијата ги уплаќа овие финансиски средства за членство во ова тело. Со членувањето во ЕПРА Агенцијата има презентација на европско ниво што е добро и ќе го поддржи.

Советот на Агенцијата едногласно ја прифати Информацијата за плаќање годишна членарина за ЕПРА за 2019 година бр.05-599/2 од 12.03.2019 година.

Се задолжи Секторот за финансии и логистика најдоцна до 06.04.2019 година да ги уплати средствата во висина од 3.400 евра за годишната членарина на Агенцијата за ЕПРА за 2019 година.

**Точка 12**

Г-дин Петрушевски во врска со предложената набавка од мала вредност, за потребите на Агенцијата, објасни дека се работи за набавка на 12 слушалки и 12 компјутерски глувчиња.

Советот на Агенцијата едногласно даде одобрение директорот на Агенцијата да донесе одлука со која се одобруваат финансиски средства во износ од 12.124,92 денари без пресметан ДДВ (износ на ДДВ 1.915,06 денари), со вкупен износ од 14.039,98 денари со пресметан ДДВ, за набавка од мала вредност на стока – 12 слушалки и 12 компјутерски глувчиња, од Друштвото за производство промет и услуги АМЦ ДОО Скопје, согласно нивната доставена понуда бр.22 од 07.03.2019 година, заверена со наш бр.05-1277/1 од 08.03.2019 година.

За реализирање на горенаведената набавка, средствата се обезбедени од Финансискиот план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2019-та година.

**Точка 13**

**Разно**

Немаше точки под Разно

**Бр. 02-1306/11**
**22.03.2019 година**
**С к о п ј е**

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**Претседател на Советот**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**